КАКО СЕ КЛАЊА НАМАЗ?

www.tevhiddersleri.org ◆ www.tevhiddergisi.org



Како се клања намаз?

Начинот на клањање на намазот е ист и за мажите и за жените. Не постои никаква разлика.

"Гледајте ме како клањам намаз и вие така клањајте." (Бухари,631; Муслим, 674)

"Жените се слични на мажите" (Ебу Давуд, 236; Тирмизи, 113)

Нијет не се прави изговарајќи **со јазик** "Направив нијет за задоволството на Аллах…"

Ова, кое не постоело во верата, е новотарија која после е додадена. Нијетот се прави **со срцето.**

1. Се прави отворачки текбир

Внатрешната страна на дланките, поставени во правец на кибла, се подигаат во висина на рамењата или ушите и изговарајќи "Аллаху Екбер" се прави текбир.

"Аллаховиот Пратеник (сав), почнуваше со намаз кревајќи ги двете раце во висина на рамењата." (Бухари, 738)

"Аллаховиот Пратеник (сав), кога клањаше намаз, палците од рацете ги креваше во висина на ушите." (Муслим, 401)

2. Рацете се врзуваат

Рацете, десната рака врз левата рака, се поставуваат врз градите. Поставувањето на рацете една врз друга може да се врши на два начина:

a. Поставување на десната рака над левиот зглоб (на кое било место од рачниот зглоб до лактот)

b. Врзување на десната рака со левата рака

• Десната рака може да се постави на било кое место на левата рака, од рачниот зглоб до лактот.

Од Ваил ибни Хуџр (ра) пренесено е следново:

"Си реков себеси 'Ќе го гледам Пејгамберот како клања намаз', и почнав да го гледам. Пејгамберот (сав) стана за намаз, се сврти кон кибла, направи текбир и ги крена рацете во висина на ушите. После ја постави десната рака над левата рака, помеѓу зглобот и лактот." (Ебу Давуд, 726; Несаи. 889)



3. Се изговара отворачката молитва

سُبْحَانَكَ اللَّهُمَّ وَبِحَمْدِكَ. وَتَبَارَكَ اسْمُكَ. وَتَعَالَى جَدُّكَ. وَلاَ اِلَهَ غَيْرُك

"Аллах, тебе те славам, ти немаш ниту една мана. Твоето име е најубаво. Твојата величина е возвишена. Нема друг бог освен Тебе." (Ебу Давуд, 775; Тирмизи, 242)

• Аллаховиот Пејгамбер изговарал различни молитви; може да се изговори една од нив.

4. Се изговара Еузу Бесмеле:

Се изговара заштитување:

اَعُوذُ بِاللهِ مِنَ الشَّيْطَانِ الرَّجِيمِ

"Се засолнувам кај Аллах од избрканиот шејтан."

После се изговара бесмеле:

بِسْمِ اللهِ الرَّحْمٰنِ الرَّحِيمِ

"Со името на Аллах, кој што е Рахман и Рахим."

Се изговара "Бесмеле" безгласно, како на сабах, акшам и јација, вклучувајќи ги и намазите на кои имамот гласно рецитира Кур'ан.

Од Енес (ра) пренесено е следново:

"Јас клањав намаз заедно со Аллаховиот Пратеник, Ебу Бекир, Омер и Осман. Но, не слушнав ниеден (гласно) да изговара бесмеле." (Муслим, 399)

5. Се изговара Фатиха

Фатиха е основата на намазот. Не треба да се заборави дека намаз без Фатиха не се прифаќа. (Бесмеле е еден ајет на сура Фатиха)

"Нема намаз оној кој нема да ја изговори (сура) Фатиха" (Бухари, 756; Муслим, 394)

بِسْمِ اللهِ الرَّحْمٰنِ الرَّحِيمِ
اَلْحَمْدُ لِلّٰهِ رَبِّ الْعَالَمِينَ ۙ اَلرَّحْمٰنِ الرَّحِيمِ ۙ مَالِكِ يَوْمِ الدِّينِ ۗ اِيَّاكَ نَعْبُدُ وَاِيَّاكَ نَسْتَعِينُ ۗ اِهْدِنَا الصِّرَاطَ الْمُسْتَقِيمَ ۙ صِرَاطَ الَّذِينَ اَنْعَمْتَ عَلَيْهِمْ ۙ غَيْرِ الْمَغْضُوبِ عَلَيْهِمْ وَلَا الضَّالِّينَ

"Со името на Аллах, кој што е Ер-Рахман и Ер-Рахим (почнувам да рецитирам). Славата му припаѓа на Аллах, Господарот на световите. (Тој е) Ер-Рахман и Ер-Рахим. Господарот на судниот ден. Ние само Тебе ти правиме ибадет, само од Тебе бараме помош. Упати не на правилниот пат. (Упати не) На патот на оние на кои им ја даде Твојата благодат. Не кон (патот на) оние врз кои го излеа Твојот гнев и оние кои залутаа." (1/Фатиха, 1-7)

Ако некој не ја знае сура Фатиха, може да го изговара следниот зик'р:

"Дојде еден човек до Аллаховиот Пратеник и му рече 'Не можам да запаметам ништо од Кур'ан. Научи ме нешто, што ќе ми биде доволно, да го рецитирам.'

Аллаховиот Пратеник (сав) му рече: 'Речи:

سُبْحَانَ اللهِ وَالْحَمْدُ لِلّٰهِ وَلاَ اِلَهَ اِلاَّ اللهُ وَاللهُ اَكْبَرُ وَلاَ حَوْلَ وَلاَ قُوَّةَ اِلاَّ بِاللهِ الْعَلِيِّ الْعَظِيمِ

'Аллах е возвишен од сите недостатоци. Слава на Аллах. Нема друг бог освен Аллах. Аллах е голем. Ништо нема сила ниту моќ, освен возвишениот и велик Аллах!" (Ебу Давуд, 832; Несаи, 924)

6. Се рецитира Кур'ан

Рецитирање на еден дел од Кур'ан е еден од суннетите на намазот. За разлика од расширеното гледиште, на 3-от и 4-от реќат – повремено – суннет е да се рецитира дополнителна сура на сура Фатиха.

فَاقْرَؤُا مَا تَيَسَّرَ مِنَ الْقُرْاٰنِ

"...(Затоа) рецитирајте од Кур'ан тоа што ви е полесно..." (73/Музземмил,20)

Согласно оваа наредба, се рецитира едно суре, дел или ајет од Кур'ан. Аллаховиот Пратеник (сав) изговараше, некогаш долга некогаш средна а некогаш кратка сура.



7. Се прави руку

Како во првата точка, рацете се креваат во висина на ушите или рамењата и се изговара "Аллаху Екбер!" по што се прави руку.

"Пејгамберот, кога ќе станеше на намаз, ќе ги подигнеше рацете во висина на рамењата и ќе изговореше текбир. Кога ќе сакаше да се наведне на руку рацете пак исто ги подигаше и исто така ги подигаше и кога ќе ја кренеше главата од руку и ќе речеше 'Семи Аллаху лимен хамиден, Раббена лекеʼл хамд.' " (Бухари, 738)

На руку, рацете треба да ги опфатат колената:

"Аллаховиот Пратеник (сав), на руку, со шаките ги опфаќал колената и малку ги раздвојувал прстите." (Бухари, 828; Ибни Маџе, 872)

"…На руку ги држеше лактите далеку од страните." (Бухари, 790; Муслим, 535)

"Аллаховиот Пратеник (сав) на руку не ја кревал (нагоре) главата, ниту ја спуштал (надоле)." (Ибни Маџе, 869)

Грбот се поставува во линија; главата ниту ја кревал ниту ниту ја спуштал многу надоле, всушност ја држел израмнета на грбот. (Во пренесувањата на оваа тема се раскажува дека Аллаховиот Пратеник (сав) грбот го поставувал во линија, така што ако се ставел сад со вода, садот не ќе паднел и немало да се истури.) (погледнете Бухари, 828; Муслим, 498; Ибни Маџе, 872)

• После се изговара молитва. Некои од овие молитви се следните:

سُبْحَانَ رَبِّيَ الْعَظِيم

(Три пати) "Мојот велик Господар нема недостатоци." (Муслим, 772)

سُبْحَانَ رَبِّيَ العَظِيم وَ بِحَمْدِهِ

(Три пати) "Слава му на мојот возвишен велик Господар." (Ебу Давуд, 870)

سُبُّوحٌ قُدُّوسٌ رَبُّ الْمَلاَئِكَةِ وَالرُّوح

"(Тој е) Најславе́н, најсвет. (Тој е) Господарот на мелеките и Духот." (Муслим, 487)



8. Се станува од руку

Се станува од руку. Рацете се креваат во висина на рацете или ушите и се изговара:

سَمِعَ اللّٰهُ لِمَنْ حَمِدَه

"Аллах го слушна оној кој го слави." (Бухари, 735; Муслим, 390)

Веднаш потоа, по целосното исправање од руку се изговара некоја од овие молитви:

رَبَّنَا وَلَكَ الْحَمْد

"Слава ти Господару." (Бухари, 772; Муслим, 409)

اَللَّهُمَّ رَبَّنَا وَلَكَ الْحَمْدُ

"Слава ти наш Господару, Аллах." (Бухари, 795)

رَبَّنَا وَلَكَ الْحَمْدُ حَمْدًا كَثِيرًا طَيِّبًا مُبَارَكًا فِيه

"Со голема, чиста и света слава, нека е слава на Тебе наш Господару."

"Еден човек кој клањаше позади Аллаховиот Пратеник (сав), со овие зборови изговараше зикр на Аллах. Аллаховиот Пратеник кога го заврши намазот праша 'Кој ја кажа оваа молитва пред малце?".

"Човекот кога кажа дека тој ја кажал молитвата, Аллаховиот Пратеник (сав) рече: 'Видов како повеќе од триесет мелеки се натпреваруваат за тоа да запишат себап." (Бухари, 799)

9. Се прави сеџде

"Аллаховиот Пратеник (сав), изговарајќи 'Аллаху Екбер!' правеше текбир после што правеше сеџде. На под ги ставаше прво колената, после рацете." (Ебу Давуд, 838; Тирмизи, 268)

• **Носот, челото, рацете, врвовите на нозете и колената се поставуваат на под.**

"Ми се нареди да правам сеџде со седум органи: Лице (со раката покажа и на носот), две раце, колена и врвовите на нозете." (Бухари, 809; Муслим, 490)



• Рацете треба да бидат во линија со рамењата или да бидат поотворени. Колената треба да бидат отворени и подигнати, не треба да бидат затворени и да допираат на под.

Од Абдуллах ибни Малик (ра) пренесено е следново:

"Аллаховиот Пратеник (сав), на сеџде, го отвораше просторот меѓу двете раце. Така да ја видов белината на долниот дел од колтуците." (Муслим, 495)

"…Така да, јагне ако сакаше да помине под нив ќе поминеше." (Муслим, 496)

"Го жалевме Аллаховиот Пратеник (сав) заради маката која ја имаше кога на сеџде ги оддалечуваше лактите од страните на телото." (Ебу Давуд, 900; Ибни Маџе, 887)

"Никој да не ги спушта лактите на под, како што ги спушта кучето." (Бухари, 822; Муслим, 493)

"Не ги поставувај лактите на под, потпирај се на дланките. Лактите оддалечи ги од слабините. Вака кога ќе направиш, сите органи со тебе заедно ќе прават сеџде." (Сахиху ибни Хузејме, 645; Ел-Мустедрек, 827)

• Петите се спојуваат.

"Аллаховиот Пратеник (сав), на под ги поставуваше колената и прстите од стапалото, предниот дел од стапалото и прстите од стапалото ги поставувал во правец на кибла (Бухари, 828), петите ги спојувал (Муслим, 486; Ес-Сунену'л Кубра, 2719) и стапалата ги држел исправени. На асхабите им наредил вака да прават." (Тирмизи, 277)

• Колкот треба да биде горе а грбот доле.

Од Бера ибни Азиб (ра) пренесено е следново:

"Аллаховиот Пратеник (сав), ги постави рацете на под, го подигна колкот и го исправи. Пејгамберот (сав) вака правеше сеџде." (Ебу Давуд, 896)

"Тој (сав), го подигнуваше стомакот, ги оддалечуваше лактите од страните." (Несаи, 1105)



На сеџде – како доленаведените примери – се изговара било која молитва која ја има во суннетот:

سُبْحَانَ رَبِّيَ الاَعْلَى

(Три пати) "Мојот велик Господар нема недостатоци." (Муслим, 772)

سُبْحَانَكَ اللَّهُمَّ وَبِحَمْدِكَ اللَّهُمَّ اغْفِرْلِي

"Аллах, наш Господару! Тебе те славиме, Ти немаш недостатоци. Аллах, прости ми." (Бухари, 817; Муслим, 484)

سُبُّوحٌ قُدُّوسٌ رَبُّ الْمَلاَئِكَةِ وَالرُّوحِ

"(Тој е) Најславен, најсвет. (Тој е) Господарот на мелеките и Духот." (Муслим, 487)

اَللَّهُمَّ اَعُوذُ بِرِضَاكَ مِنْ سَخَطِكَ وَبِمُعَافَاتِكَ مِنْ عُقُوبَتِكَ وَاَعُوذُ بِكَ مِنْكَ لاَ اُحْصِي ثَنَاءً عَلَيْكَ اَنْتَ كَمَا اَثْنَيْتَ عَلَى نَفْسِكَ

"Аллах! Барам засолниште во Твоето задоволство од Твојот гнев, во Твојата прошка од Твојата казна, од Тебе (Твојот гнев) пак се засолнувам кај Тебе. Не можам да ја набројам благодарноста кон Тебе. Ти си, како што се фалеше себеси." (Муслим, 486)

اَللَّهُمَّ! لَكَ سَجَدْتُ، وَبِكَ اٰمَنْتُ، وَلَكَ اسْلَمْتُ، سَجَدَ وَجْهِيَ لِلَّذِي خَلَقَهُ وَصَوَّرَهُ، وَشَقَّ سَمْعَهُ، وَبَصَرَهُ تَبَارَكَ اللّٰهُ اَحْسَنُ الْخَالِقِينَ

"Аллах! Тебе ти правам сеџде. Во Тебе имам иман и Тебе ти се предавам. Лицето; му направи сеџде (на Аллах) кој го создаде и му даде облик, кој му создаде очи и уши. Најубавиот создател Аллах, е највозвишен од возвишните." (Муслим, 771; Несаи, 1126)



10. По целосно исправување од сеџде, малку се седи

"Аллаховиот Пратеник (сав), со изговарање текбир, ја креваше главата од сеџде." (Бухари, 795; Муслим, 392)

"Намазот на никој од вас нема да биде правилен, доколку не правите сеџде со зглобовите вратени на своето место а после изговарајќи 'Аллаху Екбер' кревајќи ја главата доколку не седите правилно." (Ебу Давуд, 858)

Начинот на седење на нашиот пејгамбер (сав)

a. Аллаховиот Пратеник (сав), левото стапало го поставувал легнато на под и седнувал врз него, десното стапало го држел исправено, (Бухари, 827) прстите од десното стапало биле свртени кон кибла. (Бухари, 828)

b. "Аллаховиот Пратеник (сав), некогаш ги исправал двете топуци, се исправал на врвовите на прстите и седнувал.

• Десната дланка се поставува на десното бедро, левата дланка се поставува на левото бедро, при што внатрешноста на дланките го допираат бедрото.

Молитви и зик'р изговарани од Пејгамберот (сав)

رَبِّ! اغْفِرْ لِى، اغْفِرْ لِ

"Господару! Прости ми. Господару! Прости ми."
(Ебу Давуд, 874; Ибни Маје, 897)

اَللَّهُمَّ اغْفِرْ لِى، وَارْحَمْنِى، وَاهْدِنِى، وَاجْبُرْنِى، وَعَافِنِى، وَارْزُقْنِى، وَارْفَعْنِى

"Аллах! Прости ми. Биди милосрден кон мене. Упати ме на правилниот пат и опростот. Подари ми здравје и р'ск и возвиши ме."
(Ебу Давуд, 850; Тирмизи, 284)

11. Се прави второ сеџде

Потоа повторно се прави текбир и се прави второто сеџде. (погледни Бугари,790; Муслим, 535)

После второто сеџде – како при првото сеџде – се прави текбир и се станува на к'јам за втор реќат.



12. Седење за одмор

Аллаховиот Пратеник (сав), пред да стане за вториот реќат, еден момент седеше:

Од Малик ибни Хусејрис, се пренесува:

"...Аллаховиот Пратеник, кога ќе ја кренеше главата од второто сеџде, еден момент седеше и откако ќе се потпреше на под ќе станеше на нозе." (Бухари, 824)

• Во вториот реќат се изговара сура Фатиха, се изговара дел од Кур'ан и откако ќе се направат потребните руку и сеџде се прави тешеххуд седење.

13. Прво тешеххуд седење

На крајот на вториот реќат од намазот, се седи како што се седи помеѓу правењето два пати сеџде (погледни Бухари, 828). Показалецот од десната рака се подигнува покажувајќи кон кибла. Другите прсти од десната рака се затвараат согласно суннетот (погледни Муслим, 579-580; Ебу Давуд, 957). Се изговара тешеххуд молитва:

"Аллаховиот Пратеник (сав), левата дланка ја поставуваше на левото колено, ги затвораше прстите од десната рака, показалецот го поставуваше кон кибла и гледаше кон него." (Муслим, 580; Ебу Давуд, 990)

• Суннет е на тешеххуд седењето да се гледа кон показалецот на десната рака.

• Намазите од два реќата имаат еден тешеххуд и овој тешеххуд се прави како последен тешеххуд.

Молитва која се изговара на првиот тешеххуд

اَلتَّحِيَّاتُ لِلّٰهِ وَالصَّلَوَاتُ وَالطَّيِّبَاتُ اَلسَّلَامُ عَلَيْكَ اَيُّهَا النَّبِيُّ وَرَحْمَةُ اللّٰهِ وَبَرَكَاتُهُ السَّلَامُ عَلَيْنَا وَعَلَى عِبَادِ اللّٰهِ الصَّالِحِينَ اَشْهَدُ اَنْ لَا اِلٰهَ اِلَّا اللّٰهُ وَاَشْهَدُ اَنَّ مُحَمَّدًا عَبْدُهُ وَرَسُولُهُ

"Селамите, молитвите и сите убаву нешта се само за Аллах. Селам, милост и береќетот на Аллах за Пејгамберот (сав). Селам за нас и правилните Аллахови робови. Сведочам дека нема друг бог (кој има хак на ибадет) освен Аллах. Повторно сведочам дека Мухаммед е Негов роб и пратеник." (Бухари, 835; Муслим, 402)

14. Последниот тешеххуд

На последниот реќат од намазот, се седи како на првиот тешеххуд. На последниот тешеххуд, седењето наречено теверрук седење е вака:

"Аллаховиот Пратеник (сав), на последниот тешехуд, бутот го поставувал на под, стопалото само ед една страна го вадел надвор." (Бухари, 828)

• Теверрук седењето се прави само на последниот тешехуд.

• На последниот тешехуд, рацете се поставуваат исто како во првиот тешехуд.

На последниот тешехуд, - како доленаведените примери – се изговара било која молитва која ја има во суннетот:

اَلتَّحِيَّاتُ لِلّٰهِ وَالصَّلَوَاتُ وَالطَّيِّبَاتُ السَّلَامُ عَلَيْكَ اَيُّهَا النَّبِيُّ وَرَحْمَةُ اللّٰهِ وَبَرَكَاتُهُ اَلسَّلَامُ عَلَيْنَا وَعَلَى عِبَادِ اللّٰهِ الصَّالِحِينَ اَشْهَدُ اَنْ لَا اِلٰهَ اِلَّا اللّٰهُ وَاَشْهَدُ اَنَّ مُحَمَّدًا عَبْدُهُ وَرَسُولُهُ

"Селамите, молитвите и сите убаву нешта се само за Аллах. Селам, милост и бereќетот на Аллах за Пејгамберот (сав). Селам за нас и правилните Аллахови робови. Сведочам дека нема друг бог (кој има хак на ибадет) освен Аллах. Повторно сведочам дека Мухаммед е Негов роб и пратеник." (Бухари, 835; Муслим, 402)

اَللّٰهُمَّ صَلِّ عَلَى مُحَمَّدٍ وَعَلَى اٰلِ مُحَمَّدٍ كَمَا صَلَّيْتَ عَلَى اِبْرَاهِيمَ وَعَلَى اٰلِ اِبْرَاهِيمَ اِنَّكَ حَمِيدٌ مَجِيدٌ اَللّٰهُمَّ بَارِكْ عَلَى مُحَمَّدٍ وَعَلَى اٰلِ مُحَمَّدٍ كَمَا بَارَكْتَ عَلَى اِبْرَاهِيمَ وَعَلَى اٰلِ اِبْرَاهِيمَ اِنَّكَ حَمِيدٌ مَجِيدٌ

"Аллах! Укажи ја својата милост за Мухаммед и семејството на Мухаммед, како што ја укажа за Ибрахим и семејството на Ибрахим. Навистина, Ти си фален и славен! Аллах! Подари му благодат на Мухаммед и семејството на Мухаммед, како што му подари на Ибрахим и семејството на Ибрахим. Навистина, Ти си фален и славен." (Бухари, 3370; Муслим, 406)

اَللّٰهُمَّ اِنِّي اَعُوذُ بِكَ مِنْ عَذَابِ الْقَبْرِ، ومِنْ عَذَابِ النَّارِ، ومِنْ فِتْنَةِ الْمَحْيَا والْمَمَاتِ، ومِنْ فِتْنَةِ الْمَسِيحِ الدَّجَّال

"Аллах! Се засолнувам кај Тебе од казната во гробот, од џехеннемскиот оган, од искушенијата на животот и смртта, од искушенијата на Месих Деџџал." (Бухари, 1377; Муслим, 588)

اَللّٰهُمَّ اِنِّي ظَلَمْتُ نَفْسِي ظُلْماً كَثِيراً، وَلاَ يَغْفِرُ الذُّنُوبَ اِلاَّ اَنْتَ، فَاغْفِرْ لِي مَغْفِرَةً مِنْ عِنْدِكَ وَ ارْحَمْنِي اِنَّكَ اَنْتَ الْغَفُورُ الرَّحِيمُ

"Аллах! Направив многу зулум на мојата душа. Само Ти ги простуваш гревовите. Прости ми и биди милостив кон мене. Навистина, Ти си Ел-Гафур (простувач) и Ер-Рахим (милостив)." (Бухари, 834; Муслим, 2705)

اَللَّهُمَّ! اِغْفِرْ لِي مَا قَدَّمْتُ، وَمَا اخَّرْتُ، وَمَا اسْرَرْتُ، وَمَا اعْلَنْتُ، وَمَا اسْرَفْتُ، وَمَا انْتَ اعْلَمُ بِهِ مِنِّي، انْتَ الْمُقَدِّمُ، وَانْتَ الْمُؤَخِّرُ لاَ الَهَ الاَّ انْتَ

"Аллах! Прости ми ги гревовите што сум ги направил и кои ќе ги направам, (гревовите) кои ги правев тајно и јавно и во што претерував. Ти си Прв, Ти си Последен, нема друг бог освен Тебе." (Муслим, 771)

اَللَّهُمَّ اَعِنِّي عَلَى ذِكْرِكَ، وَشُكْرِكَ وَحُسْنِ عِبَادَتِكَ

"Аллах! Помогни ми Тебе да те спомнувам, Тебе да те славам и Тебе да ти правам ибадет." (Ебу Давуд, 1522; несаи, 1303)

15. Се дава селам

Аллаховиот Пратеник (сав), ја вртеше главата на десно и изговараше:

اَلسَّلَامُ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَةُ الله

Потоа, главата ја вртеше на лево и повторно изговараше:

اَلسَّلَامُ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَةُ الله (Ебу Давуд, 996; Тирмизи, 295)

• Човек кој не ги знае овие молитви сепак треба да почне со намаз, со време ќе се труди да ги научи молитвите. Бидејќи не постои оправдување за напуштање на намазот:

"Меѓу човекот и ќуфрот е оставањето на намазот." (Муслим, 82; Ебу Давуд, 4678)

Од Абдуллах ибни Шакик (рх) пренесено е следново:

"Асхабот на Мухаммед (сав), освен напуштањето на намазот, напуштањето на другите постапки не ги гледале како ќуфр." (Тирмизи, 2622)

Од Ебу Дерда (ра) пренесено е следново:

"Тој што нема намаз не може да има иман." (Та'зиму кадри'с Сала, Мервези, 946)

За детално информирање за одредбите, важноста и значењето на намазот погледнете Ф'кху'л Хадис Суннет Илмихали (Fıkhu'l Hadis Sünnet İlmihali), 1/407. За да ја видите содржината можете да го вчитате квадратниотод.